Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), во рамките на програмата „ Добро управување во Македонија “ ќе организира **обука за партиципативно буџетирање**. Обуката ќе се одржи во **Скопје од 26 до 28 мај 2010 година**.

Во текот на обуката учесниците ќе се стекнат со знаења и практични вештини од областа на буџетскиот процес во Република Македонија. Обуката ќе има теоретски дел за буџетските категории и фискалната политика но исто така ќе има практични вежби и работа во групи. Внимание ќе се посвети и на можностите на граѓанските организации за активно учество во буџетскиот процес, како и на концептот на партиципативно буџетирање и можноста за негова примена во буџетските процеси во Република Македонија на национално и на локално ниво.

Обуката ќе ја спроведат: д-р Никица Мојсоска-Блажевски, „American University College“ и м-р Мишо Николов, „American University College“.

Право на учество имаат сите заинтересирани членови на граѓанските организации од Македонија, посветени на идејата за активно учество во буџетските процеси на локално и на национално ниво.

Сите заинтересирани кандидати треба да ја пополнат пријавата и да доставаат мотивациско писмо (не подолго од 500 збора) во кое ќе ги наведат нивните досегашни искуства и планови за работа поврзани со темата на обуката. Пријавите ќе бидат објективно оценети и селектирани од страна на МЦМС и обучувачите.

**Рок за пријавување е 14 мај 2010 година, до 16 часот.**

Пополнетата пријава, потпишана и со печат на организацијата, испратете ја на маил msz@mcms.org.mk (скенирана пријава), по факс на 02 3065 298 или по пошта на адреса:

Македонски центар за меѓународна соработка, ул. Никола Парапунов, бб, П.Фах. 55, 1060 Скопје.

Пријавата може да ја подигнете во МЦМС или да ја преземете електронската верзија .

Организаторот ги покрива сите трошоци за обуката, освен патните кои ги покриваат учесниците.

За сите дополнителни информации контактирајте ја Марија Саздевски, на е-маил: msz@mcms.org.mk или на телефон 02 3088 983.